АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 03-06. 2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 2228 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 30 мај 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 јуни 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (пласирање на производи);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 27.04.2022 година, за непочитување на членот 55 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр. 03-132 од 27.04.2022 г.) на Трговското радиодифузно друштво ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (28.04.2022 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 30 мај 2022 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена**, односно ја отстранил извршената повреда од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***